Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

**ГОДИШЕН КОНКУРС**
**за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година**
**со Пријава за проект од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година**

Министерството за култура и туризам во 2026 година ќе ги поддржи следниве видови проекти од областа на литературата и издавачката дејност:

## I. ВИДОВИ ПРОЕКТИ

| | ИЗДАВАШТВО | Максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|---|
| 1. | Монографии од областа на културата и уметноста | до 500 000 денари |
| 2. | Академски и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни истражувања од различни аспекти на книжевноста (лексикографски изданија, хрестоматии, енциклопедии, антологии) и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни академски и стручни истражувања во културата и уметноста | до 350 000 денари |
| 3 | Дела на етаблирани домашни автори кои имаат издадено повеќе од 2 книжевни дела (проза, поезија, драма) | до 250 000 денари |
| 4. | Превод на литературни дела од преведувачи кои имаат преведено повеќе од 2 книжевни дела | до 200 000 денари |
| 5. | Дела на домашни автори кои имаат издадено едно книжевно дело или дебитираат со книжевно дело (проза, поезија, драма) или превод на литературни дела | до 90 000 денари |
| 6. | Литературно творештво на автори за деца и млади на македонски јазик/јазиците на заедниците или преводи од странски или од стари јазици на македонски јазик и на јазиците на заедниците во РСМ, кои содржат илустрации | до 180 000 денари |
| 7. | Графички романи од домашни автори | до 120 000 денари |
| 8. | Хибридни форми на книжевни дела, Брајови изданија | до 500 000 денари |
| 9. | Сериски публикации (списанија) од областа на културата, литературата и уметностите кои се објавуваат периодично во печатена форма | до 200 000 денари |

ПРИМЕРОК

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Публикации објавени во електронска форма кои се во функција на промоција и афирмација на македонската култура и на културата на заедниците што живеат во Република Северна Македонија (е-книги и други дигитални изданија) | до 150 000 денари |
| 11. | Сериски публикации за култура и уметност во електронска форма (е-списанија) | до 120 000 денари |

<u>ЗАБЕЛЕШКИ:</u>

- Право на учество на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културта од областа на литературата и издавачката дејност имаат само правни лица регистрирани за издавачка дејност и автор на сопствено дело.
- Едно правно лице може да поднесе пријави за најмногу 10 (десет) проекти од видовите проекти наведени во глава I. (на пример: еден издавач може да пријави 8 (осум) публикации, 1 (едно) списание и 1 (една) електронска публикација).
- Еден автор/автор на превод/илустратор/приредувач може да поднесе пријава само за 1 (еден) проект.
- Физичко лице може да поднесе пријава за сопствено авторско дело.
- Во точка 1. и точка 2. исклучок се проектите од областа на заштитата на културното наследство и проектите од визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

**II. ПРИОРИТЕТИ**

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, со пријавениот проект треба да се исполнат најмалку 2 (два) од следниве приоритети:

1. Публикации со високи уметнички вредности од домашни автори кои се во функција на промоција и афирмација на македонската култура и на културата на заедниците во Македонија.
2. Публикации со кои се афирмира литературното творештво на домашни млади автори.
3. Публикации кои го истакнуваат и го потврдуваат културниот придонес на значајни творци од културата и уметноста.
4. Публикации со кои се одбележуваат значајни јубилеи и датуми во 2026 година поврзани со домашни автори од културата и уметноста и значајни литературни манифестации (50, 75 и 100 години).
5. Публикации приредени од познати стручни и етаблирани експерти од областа.
6. Новосоздадена академска и стручна литература од областа на културата и уметноста.
7. Периодични списанија од областа на културата, литературата и уметностите коишто покажале редовност во публикувањето и актуелност на содржините, како и сериски публикации објавени во електронска форма.
8. Литература наменета за деца и млади од домашни автори.
9. Превод на литературни дела од македонски јазик на јазиците на заедниците и од јазиците на заедниците на македонски јазик

НАЦРТ

10. Публикации на издавачки куќи со конзистентна издавачка политика, кои имаат свој план за дистрибуција на изданијата (преку своја дистрибутивна мрежа или преку договори за дистрибуција со постојните мрежи).
11. Дела на автори кои не биле поддржувани од страна на Министерството во последните две години.
12. Новосоздадено творештво на македонски јазик или на јазиците на зедниците.
13. Публикации наменети за лица со пречки во развојот, други маргинализирани групи во општеството и лица во социјален ризик.

## III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

За да може проектот да биде оценуван од страна на стручна комисија, подносителот на пријавата треба да ги исполни следниве:

### А) ОПШТИ УСЛОВИ

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица).
- Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица).
- Да има документ за ангажиран уредник и соодветни документи со кои се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во пријавата за проектот: лектор, преведувач, илустратор, дизајнер на корица, редакциски одбор и друго.
- Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права) или да прикаже соодветна документација дека постои прецизен план за регулирање на авторските права.
- Да има договор за соработка, односно план за дистрибуција, пласман на изданијата, како и/или план за видливост и достапност на електронското издаваштво.
- Правните лица да имаат доставено референтна листа дека поднесуваат пријави за најмногу 10 проекти.
- Секој автор/автор на превод/илустратор/приредувач треба да има доставено изјава дека поднесува пријава само за 1 (еден) проект.
- Да има документ за ангажиран лектор по македонски јазик (за публикациите на македонски јазик).
- Биографија и библиографија од автор/автор на превод/илустратор/приредувач/уредник.

### Б) ПОСЕБНИ УСЛОВИ ПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ

**Подносителот на проектот од областа на литературата и издавачката дејност во целост треба да ги исполни наведените посебни услови за:**

**1. Монографии од областа на културата и уметноста со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари:**

- да има доставено кратка содржина за монографијата и 10 – 15 страници текст во електронска форма,

- монографијата да биде посветена на значајни уметнички автори кои имаат повеќе од 40 (четириесет) години творештво, односно која е посветена на правни лица од областа на културата и уметноста за над 50-годишно постоење,
- монографијата да содржи текстуален дел од најмалку 3 (три) АТ,
- монографијата да биде изработена со висок квалитет,
- да има склучено преддоговор со приредувач/и кој/и треба да е/се етаблиран/и експерт/и од областа на која се однесува монографијата и кој/и претходно има/ат издадено најмалку 2 (две) публикации од областа на културата и уметноста,
- да има ангажирано во уредувачкиот одбор најмалку 1 (едно) лице етаблиран експерт од областа на која се однесува монографијата.

**2. Академски и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни истражувања од различни аспекти на книжевноста (лексикографски изданија, хрестоматии, енциклопедии, антологии) и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни академски и стручни истражувања во културата и уметноста:**

- авторот на публикацијата да има добиено: признанија, награди и/или позитивни критики за претходни достигнувања,
- да има доставено кратка содржина за публикацијата и 10 – 15 страници текст во електронска форма,
- публикацијата да содржи најмалку 3 (три) АТ текст,
- публикацијата да биде изработена со висок квалитет.

**3. Дела на етаблирани домашни автори кои имаат издадено повеќе од 2 книжевни дела (проза, поезија, драма) со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари:**

- да има доставено верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот),
- да има доставено најмалку 1 (една) рецензија од етаблирани стручни лица од област.

**4. Превод на литературни дела од преведувачи кои имаат преведено повеќе од 2 книжевни дела со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари:**

- да има доставено најмалку 10 преведени страници од делото во електронска форма,
- да има доставено кратка биографија и документ за преведените книжевни дела во електронска форма,

**5. Дела на домашни автори кои имаат издадено едно книжевно дело или дебитираат со книжевно дело (проза, поезија, драма) или превод на литературни дела со максимален износ на финансиска поддршка до 90 000 денари:**

***(проза, поезија, драма)***

- да има доставено верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот),
- да има најмалку 2 (две) рецензии од етаблирани стручни лица од областа;

***(за превод)***

ПРИМЕРОК

- да има доставено најмалку 10 преведени страници од публикацијата во електронска форма,
- да има доставено кратка биографија и документ за преведените книжевни дела во електронска форма за преведувачот,

**6. Литературно творештво на автори за деца и млади на македонски јазик/јазиците на заедниците или преводи од странски или од стари јазици на македонски јазик и на јазиците на заедниците во РСМ, кои содржат илустрации, со максимален износ на финансиска поддршка до 180 000 денари:**

- да има доставено верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот),
- да има најмалку 1 (една) рецензија од етаблирани стручни лица од областа;

***(за превод)***

- да има доставено најмалку 10 преведени страници од публикацијата во електронска форма,
- да има доставено кратка биографија и документ за преведените дела (литература за деца и млади) во електронска форма за преведувачот,

***(за публикации кои содржат илустрации)***

- да има доставено верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот),
- да има најмалку 1 (една) рецензија од етаблирани стручни лица од областа,
- да достави кратка биографија и документ за публикувани илустрирани дела (литература за деца и млади) во електронска форма.

**7. Графички романи од домашни автори со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари:**

- да има доставено верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот),
- да има најмалку 1 (една) рецензија од етаблирани стручни лица од областа.

**8. Хибридни форми на книжевни дела, Брајови изданија, со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари:**

- да има доставено кратка содржина и концепт на изданието,
- публикацијата да биде изработена со висок квалитет.

**9. Сериски публикации (списанија) од областа на културата, литературата и уметностите кои се објавуваат периодично во печатена форма со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари:**

- да достави документ со кој ќе ги потврди досегашната референтност, квалитет и редовност на објавеното списанието,
- списанието да содржи најмалку 5 (пет) АТ,
- да достави електронска верзија од последниот издаден број,

ПРИМЕРОК

- да има уредувачки одбор со етаблирани творци од областа.

**10. Публикации објавени во електронска форма кои се во функција на промоција и афирмација на македонската култура и на културата на заедниците што живеат во Северна Република Македонија (е-книги и други дигитални изданија) со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари:**

- да има доставено кратка содржина и концепт за публикацијата и 10 – 15 страници текст во електронска форма,
- да има доставено рецензија од најмалку 1 (еден) рецензент,
- авторите/делата да имаат добиено: признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.

**11. Сериски публикации за култура и уметност во електронска форма (е-списанија) со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари:**

- да има доставено кратка содржина и концепт за публикацијата и 10 – 15 страници текст во електронска форма,
- да има доставено рецензија од најмалку 1 (еден) рецензент,
- авторите/делата да имаат добиено: признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања,
- да има доставено документ со кој ќе ги потврди досегашната референтност, квалитет и редовност на објавеното е-списание.

## IV. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА ЌЕ СЕ ВРШИ ОЦЕНА НА ПРОЕКТИТЕ

Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следниве критериуми:

- Квалитет на содржината на проектот.
- Човечки ресурси.
- Финансиска оправданост.

Горенаведените критериуми ќе се оценуваат според следниве мерила:

1. Квалитет на содржината на проектот – вкупно 70 бода: креативност, оригиналност/автентичност, очекувано влијание, актуелност и видливост.

2. Човечки ресурси (уметнички/стручни достигнувања) – вкупно 15 бода: искуство во издавачката дејност, признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.

3. Финансиска оправданост – вкупно 15 бода: финансиската оправданост треба да ја изразува реалната проекција за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот, како и реалниот баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот.

## V. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

МЕРОК

За да може да биде избран и финансиран како проект од национален интерес во културата, проектот треба да добие најмалку 40 бод, од вкупно 100 бода, во согласност со критериумите и мерилата врз чија основа е извршена оцена на проектите и во согласност со наведените суми во зависност од видот на проектот.

Министерството за култура и туризам ќе учествува во финансирањето на проектот со најмалку 40 % од средствата во максимален износ во денари утврдени по видови проекти од глава I. Видови проекти од овој годишен конкурс.

По исклучок, доколку проектот добие најмалку 40 бод, а побараните средства се пониски од износот на 40 % од средствата што би требало да се одобрат, Министерството за култура и туризам го задржува правото да учествува во финансирање на проектот, но не во износ повисок од побараната сума од корисникот.

Вкупниот буџет за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година ќе се утврди по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

ПРИМЕР

| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ** | |
| **ПРИЈАВА<br>за проект од областа на литературата и издавачката дејност за 2026 година** | |
| **1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕСНИКОТ НА КОНКУРСОТ** | |
| Целосен назив на правното лице (во согласност со регистрацијата): | Име на физичкото лице: |
| Адреса: | Презиме на физичкото лице: |
| Телефон: | Адреса: |
| Електронска адреса: | Телефон: |
| Веб-страница: * | Електронска адреса: |
| Единствен даночен број на правното лице: | Веб-страница: * |
| Име и презиме на одговорното лице во правното лице: | Пол: |
| Име и презиме на носителот/авторот на проектот | Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ): |
| Активна жиро-сметка: | Возраст (во моментот на аплицирање): |
| Депонентна банка: | Трансакциска сметка: |
| Пол: | Депонентна банка: |
| Возраст (во моментот на аплицирање): | |
| **2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ** | |

| **Оригинално авторско дело** | **Превод** |
|---|---|
| Целосен наслов на проектот: | Цеслосен наслов на делото што се преведува и наслов на преводот: |
| Автор/автори на проектот: | Автор/автори на делото и преведувач/преведувачи: |
| Податоци за уредник: | Податоци за уредник: |
| Лектор: | Лектор: |
| | Јазик од кој ќе се преведува делото |

| **3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ** | |
|---|---|
| 3.1. Вкупен буџет на проектот | |
| 3.2. Побарани средства од Министерството за култура и туризам | |
| 3.3. Други извори на финансирање на проектот | |
| 3.4. Вид на проектот (да се наведе видот на проектот од глава I. од Годишниот конкурс) | |
| 3.5. Време (период, датум) и времетраење (во денови) за реализација на проектот | од __________ до ____________ / _______ денови |
| 3.6. Носител на проектот (име и презиме, телефон за контакт и е-адреса): | |
| | |
| 3.7. Други соработници вклучени во проектот (име и презиме, ангажман, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |
| 3.8. Техничка спецификација на изданието (број на АТ, вид на хартијата, формат на печатеното издание, тираж, за е-публикации да се наведе веб-локација и сл.) | |

| **4. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ** |
|---|
| 4.1. Кои приоритети од Конкурсот ги исполнува проектот (да се наведат редните броеви на приоритетите од глава II. од Годишниот конкурс) |

ПРИМЕРОК

| |
|---|
| |
| 4.2. Цели на проектот |
| |
| 4.3. Очекувани резултати |
| |
| 4.4. Опис на проектот (600 – 1000 зборови/само текст. Доколку текстот е поголем од 1000 зборови, да се прикачи како дополнителен документ) |
| |

| 5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ |
|---|
| 5.1. Општ опис за стручноста, компетентноста и уметничкиот капацитет на носителот на проектот, на учесниците и на другите соработници или портфолио за правното лице (Да се прикачат биографии, односно порфтолио како дополнителен документ) |
| |

| 6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| 6.1. Буџет на проектот | |
| Опис на трошокот | Вредност (изразена во денари) |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| Вкупен износ на потребни средства за проектот | |
| 6.1.1. Финансиски средства побарани од Министерството за култура и туризам | |
| 6.1.2. Финансиски средства обезбедени од други извори (Доколку за проектот се обезбедени финансиски средства од други извори, задолжително да се наведат изворот и износот на средствата) | |
| 1. | |

| | |
|---|---|
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА: Пополнетиот и потпишан образец на пријавата се прикачува на електронската апликација во PDF-формат како еден документ (фајл).

**Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети општите услови:**

☐ За физички лица: Уверение за државјанство, лична карта или пасош
☐ За правни лица: Тековна состојба, што не е постара од 6 месеци, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија.
☐ Потпишана и заведена изјава од издавачката куќа и од уредникот дека е ангажиран за уредување на проектите со кои аплицира издавачката куќа/правното лице, како и основни информации за неговите квалификации и работното искуство.
☐ Потпишана изјава/преддоговор со кој се потврдува согласноста на ангажираниот уредник и на сите наведени учесници во проектот (потпишана од секој учесник индивидуално/потпишана од одговорни лица на правните лица).
☐ Согласност/изјава/преддоговор за регулирање на авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права).

☐ Потпишана изјава од издавачот за соработка, односно план за дистрибуција, пласман на изданијата, видливост и/или достапност на електронското издаваштво.
☐ Потпишана референтна листа од издавачот дека поднесува пријава на Конкурсот за најмногу 10 проекти.
☐ Потпишана изјава од авторот/авторот на преводот/илустраторот/приредувачот дека поднесува пријава на Конкурсот само за 1 (еден) проект, односно за понудениот проект.
☐ Скенирана Лекторска лиценца/Уверение за положен испит за лектор од ангажираниот лектор за проектот (за македонски јазик).
☐ Биографија и библиографија од автор/автор на превод/илустратор/приредувач/уредник.

**Задолжителни документи со кои се потврдува дека се исполнети посебните услови за:**

**1. Монографии од областа на културата и уметноста со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари**
☐ 10 – 15 страници текст од делото во електронска форма.
☐ Кратка содржина на монографијата.

ПРИМЕРОК

☐ Документ издаден од печатница со приложена потврда и со техничка спецификација.
☐ Потпишана и заведена изјава од издавачката куќа и од уредникот дека е ангажиран за уредување на проектите со кои аплицира издавачката куќа/правното лице, како и основни информации за неговите квалификации и работното искуство.
☐ Потпишана изјава од уметничкиот автор, односно од правното лице од областа на културата и уметноста со која се изразува согласност за создавање на монографијата.
☐ Портфолио со кое се потврдува континуитетот на творештвото (за авторот), односно постоењето (за правното лице).
☐ Изјава дека монографијата ќе содржи 3 (три) АТ текст.
☐ Преддоговор со референтна листа потпишан со приредувач/и кој/и треба да е/се етаблиран/и експерт/и од областа на која се однесува монографијата и кој/и што претходно има/ат издадено најмалку 2 (две) публикации од областа на културата и уметноста.
☐ Потпишана изјава и биографија на експертот од областа вклучен во уредувачкиот одбор.
☐ Потпишана заедничка изјава од лицата кои би биле членови на уредувачкиот одбор.

**2. Академски и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни истражувања од различни аспекти на книжевноста (лексикографски изданија, хрестоматии, енциклопедии, антологии) и стручни публикации кои се резултат на повеќегодишни академски и стручни истражувања во културата и уметноста, со максимален износ на финансиска поддршка до 350 000 денари**
☐ 10 – 15 страници текст од делото во електронска форма.
☐ Кратка содржина на публикацијата.
☐ Изјава дека публикацијата ќе содржи 3 (три) АТ текст.
☐ Листа на добиени признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.
☐ Документ издаден од печатница со приложена потврда и со техничка спецификација.
☐ Потпишана и заведена изјава од издавачката куќа и од уредникот дека е ангажиран за уредување на публикацијата со која аплицира издавачката куќа/правното лице, како и основни информации за неговите квалификации и работното искуство.

**3. Дела на етаблирани домашни автори кои имаат издадено повеќе од 2 книжевни дела (проза, поезија, драма) со максимален износ на финансиска поддршка до 250 000 денари**
☐ Една рецензија потпишана од стручно лице од областа.
☐ Верзија од ракописот (претконечна верзија од ракописот) во електронска форма.
☐ Изјава од авторот дека има издадено повеќе од 2 (две) дела со референтна листа.

**4. Превод на литературни дела од преведувачи кои имаат преведено повеќе од 2 книжевни дела со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**
☐ 10 преведени страници од делото во електронска форма.
☐ Кратка биографија на преведувачот со листа на преведени дела.
☐ Изјава од преведувачот дека има издадено повеќе од 2 (две) дела со референтна листа.

**5. Дела на домашни автори кои имаат издадено едно книжевно дело или дебитираат со**

ПРИМЕРОК

**книжевно дело (проза, поезија, драма) или превод на литературни дела со максимален износ на финансиска поддршка до 90 000 денари**

***(проза, поезија, драма)***

☐ Најмалку две рецензии потпишани од стручни лица од областа.
☐ Верзија од ракописот (претконечна верзија од ракописот) во електронска форма.

***(за превод)***

☐ 10 преведени страници од делото во електронска форма.
☐ Кратка биографија на преведувачот со листа на преведени дела.

**6. Литературно творештво на автори за деца и млади на македонски јазик/јазиците на заедниците или преводи од странски или од стари јазици на македонски јазик и на јазиците на заедниците во РСМ, кои содржат илустрации, со максимален износ на финансиска поддршка до 180 000 денари**

☐ Една рецензија потпишана од стручно лице од областа.
☐ Верзија од ракописот (претконечна верзија од ракописот) во електронска форма.

***(за превод)***

☐ 10 преведени страници од делото во електронска форма.
☐ Кратка биографија на преведувачот со листа на преведени дела.

***(за публикации кои содржат илустрации)***

☐ Една рецензија потпишана од стручно лице од областа.
☐ Верзија од ракописот (претконечна верзија од ракописот) во електронска форма,
☐ Кратка биографија на илустраторот.
☐ Изјава од илустраторот дека е согласен да учествува во проектот.

**7. Графички романи од домашни автори со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари**

☐ Верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот).
☐ Една рецензија потпишана од стручно лице.
☐ Изјава од графички дизајнер дека е согласен да учествува во проектот .

**8. Хибридни форми на книжевни дела, Брајови изданија, со максимален износ на финансиска поддршка до 500 000 денари**

☐ Кратка содржина и концепт на изданието во електронска форма.
☐ Документ издаден од печатница со приложена потврда и со техничка спецификација.

**9. Сериски публикации (списанија) од областа на културата, литературата и уметностите кои се објавуваат периодично во печатена форма со максимален износ на финансиска поддршка до 200 000 денари**

☐ Кратка содржина во електронска верзија.
☐ Изјава дека сериската публикација ќе содржи 5 (пет) АТ текст.
☐ Изјава од правното лице со која се потврдуваат досегашната референтност, квалитет и редовност на објавеното списанието.

ПРИМЕРОК

☐ Електронска верзија од последниот издаден број.
☐ Изјави од членовите на уредувачкиот одбор.

**10. Публикации објавени во електронска форма кои се во функција на промоција и афирмација на македонската култура и на културата на заедниците што живеат во Македонија (е-книги и други дигитални изданија) со максимален износ на финансиска поддршка до 150 000 денари**
☐ 10 – 15 страници текст од делото во електронска форма.
☐ Кратка содржина на публикацијата во електронска форма.
☐ Листа на добиени признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.
☐ Една рецензија потпишана од стручно лице.

**11. Сериски публикации за култура и уметност во електронска форма (е-списанија) со максимален износ на финансиска поддршка до 120 000 денари**
☐ 10 – 15 страници текст од делото во електронска форма.
☐ Кратка содржина за публикацијата во електронска форма.
☐ Листа на добиени признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.
☐ Една рецензија потпишана од стручно лице.
☐ Документ со кој ќе се потврди дека списанието е објавувано во изминатите години.
☐ Изјава од правното лице со која се потврдуваат досегашната референтност, квалитет и редовност на објавеното списанието.

**ЗАБЕЛЕШКА: Подносителот на пријавата може да достави и линкови до наведените содржини (плакати, фотографии, видеа, аудиоснимки и сл. со кои се потврдува реализацијата на проектот/учество во проектот)**
**Линк 1:**
**Линк 2:**
**Линк 3:**

| 8. ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА (да се обележи празниот квадрат со x) | |
|---|---|
| **☐ Под целосна морална и кривична одговорност изјавувам дека податоците во пријавата и документите прикачени кон неа се точни и вистинити.** | |
| Датум: | Подносител на пријавата<br>(име и презиме) |
| Потпис | |

ПРИМЕРОК